**ГЛИГОРОВА, Надежда**
**УДК: 343.3/.7:316.647.5/.8(497.7)**

# ЗАКОНСКАТА УРЕДЕНОСТ И СОСТОЈБАТА НА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**

Во периодот од 69 до 313 година пр. н.е., христијаните беа прогонувани во Римското Царство, во 18 и 19 век беа извршени злосторства од страна на британските колонии врз домородците во Австралија, во 20 век апартхејдот во Јужноафриканската Република, холокаустот за време на Втората светска војна, геноцидот во Руанда во 1994 година итн. Сите овие набројани настани сведочат за тоа дека овој тип на кривични дела - кривични дела сторени од омраза постојат уште многу одамна, уште во римската држава. Сепак, научното проучување на овој феномен започнува во 90-тите години од минатиот век, најпрво од страна на САД. Инкриминирањето на овој тип на криминалитет е од големо значење сè со цел да се спречат идни вакви катастрофи преку изрекување построги казни за неговото извршување.

***Клучни зборови:*** *кривично дело, предрасуда, омраза, нетолеранција, дискриминација, социјална група, лично својство на жртвата.*

**GLIGOROVA Nadezhda**
**UDK: 343.3/.7:316.647.5/.8(497.7)**

# THE LEGAL REGULATION AND HATE CRIME SITUATION IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract*:*** In the period from 69 to 313 BC Christians were persecuted in the Roman Empire, in the 18th and 19th centuries crimes were committed by the British colonies against the natives in Australia, in the 20th century apartheid in South Africa,The Holocaust during World War II, The Rwandan Genocide in 1994, etc. All these enumerated events testify to the fact that this type of crime - hate crimes have existed for a long time, even in the Roman state. However, the scientific study of this phenomenon began in the 90s of the last century, first by the United States. The incrimination of this type of crime is of great importance in order to prevent future such catastrophes by imposing harsher penalties for its commission.

***Keywords*:** crime, prejudice, hatred, intolerance, discrimination, social group, personal nature of the victim

## Вовед

Кога станува збор за кривичните дела сторени од омраза, тоа се кривични дела кои се извршени врз основа на некакви предрасуди и нетолеранција. Значи, станува збор за кривични дела кои се инкриминирани со Кривичниот законик, но се извршени поради некаква предрасуда или нетолеранција. Според тоа, секое кривично дело од Кривичниот законик може да претставува криминал од омраза, доколку тоа дело е извршено поради мотив кој се заснова на предрасуда. Она што го разликува криминалот од омраза од другиот криминал е елементот на предрасуда кон групата. Тоа е т.н. субјективен елемент кој е conditio sine qua non кога станува збор за криминалот од омраза.

Криминалот од омраза може да е насочен кон едно или неколку лица и нивниот имот (тоа може да биде и имот во државна сопственост, а да се однесува на некоја група на луѓе, како на пример, скврнавење на еврејски гробишта...).

Инаку, криминалот од омраза е новина во нашето кривично законодавство, но сепак како појава која своите корени ги влече уште од римското право. Така, во овој краток труд ќе се задржиме на законската уреденост на криминалот од омраза во нашата држава, како и на состојбите во врска со криминалот од омраза во текот на 2022 година.

### 1. Законска уреденост на криминалот од омраза во РСМ

Концептот на кривични дела на омраза во македонското казнено законодавство за прв пат е инкорпориран со усвојувањето на измените на Кривичниот законик од 2009 година, со тоа што било предвидено дека при одмерувањето на казната, судот ќе има предвид дали делото е сторено поради некоја припадност на жртвата. Со тоа всушност се определи дека доколку некој изврши кривично дело поради припадноста на жртвата на некоја група или некоја друга дискриминаторска основа определена во општите одредби од КЗ, тоа ќе се согледува како отежнувачка околност. Тоа значи дека за така сторените кривични дела, поради такви мотиви, судот ќе одмери повисока казна во однос на казната за истите тие кривични дела доколку би биле сторени без таков мотив.

Подоцна, како резултат на усвојувањето на Законот за спречување на дискриминацијата од 2010 година, во 2014 година се извршени соодветни измени во КЗ заради негово усогласување со основите за дискриминација предвидени во тој закон. Притоа заштитните карактеристики од член 3 на Законот за спречување и заштита од дискриминација се пресликани **во членот 39 (5) од КЗ** како отежнителни околности при одмерување на казната **доколку делото е: „сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради нивната припадност на одреден пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или ратификуван меѓународен договор“.**[1]

[1]Кривичен законик на РМ, Чл.39, ст.5 (Службен весник на Република Македонија број 37/96)

Значи, од овој член можеме да заклучиме дека, иако се наброени дури 19 заштитни карактеристики, сепак законот дава можност за т.н. „отворена листа“, врз основа на која под криминал на омраза може да влезат и некои други основи, под услов тие основи да се предвидени со закон или ратификуван меѓународен договор.

Според ова, целта на законодавецот е јасна, а тоа е дека сторувањето на казнено дело, независно кое, врз таква дискриминаторска основа, треба да се уважува како отежнувачка околност при одмерувањето на казната. Се работи за околност, чиешто уважување треба да резултира со казна која е поблиска до максимумот на казната пропишана за казненото дело, отколку до нејзиниот минимум (така, на пример, ако е за делото пропишана казна затвор од една до пет години, казната што ќе ја изрече судот треба да е поблиску до пет, отколку до една година).[2]

Но, од друга страна, оваа одредба треба да се толкува во контекстот на другите одредби предвидени како општи правила за одмерување на казната (во чл.39 КЗ). Со нив се предвидени, на еден општ начин, различни олеснувачки и отежнувачки околности, кои судот треба да ги има предвид при одмерувањето и изрекувањето на конкретната казна. Според тоа, околноста предвидена во новата одредба (ст.5) е само една од околностите кои судот ги проценува.[3] Тоа значи дека судот при одмерувањето на казната ги зема предвид и сите други отежнувачки и олеснителни околности, а не само мотивот од омраза за сторување на телото. Па, така на пример, ако се работи за полесно дело, или ако самата жртва придонесла за извршување на делото итн., тоа се олеснителни околности кои судот ќе ги земе предвид и кога станува збор за кривично дело од омраза, па според тоа казната може и да не биде многу блиску до законски пропишаниот максимум на казна за конкретното кривично дело.

Понатаму, во законската формулација таксативно се набројани на основите на дискриминација што се појавуваат како причина за сторување на делото. Се работи за основи кои се изречно истакнати и во уставната одредба (УРМ, чл.9), во која е содржано начелото на еднаквост.[4] Пристапот на КЗ во однос на особеностите на групата е очигледно рестриктивен, бидејќи листата во КЗ е многу потесна од листата содржана во Законот за спречување и заштита од дискриминација, која е пак поширока од уставната одредба за начелото на еднаквост на слободите и правата. Тоа никако не би можело да значи дека тој закон е во спротивност со Уставот на Република Македонија, зашто уставната одредба за еднаквоста на слободите и правата нема и не може да има рестриктивно дејство: таа го одредува минимумот на основи на дискриминација, но воопшто не спречува со закон да биде проширен дострелот на начелото на еднаквост на слободите и правата и забраните за дискриминација и врз други основи.[5]

Значаен е и **членот 122 од КЗ** каде е дадено **дефинирање на терминот „кривично дело од омраза“**: „(42) *Како дело од омраза изречно предвидено со одредбите*

[2]Камбовски, В.,Лазарова Трајковска, М., (2012) Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, 2012, Скопје, стр.28
[3] Ibid
[4] Устав на Република Македонија, Чл. 9, - ,,Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.”
[5] Камбовски, В.,Лазарова Трајковска, М., (2012) Правна анализа на концептот на казненото дело на омраза и говорот на омраза, 2012, Скопје, стр.30

*од овој Законик, се смета кривично дело против физичко или правно лице и со нив поврзани лица или имот кое е сторено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика или поврзаност на лицето што се однесува на раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.“*[6]

Ако ја анализираме оваа законска дефиниција, можеме да заклучиме дека кривичното дело од омраза може да е сторено против: физичко лице, правно лице, лица кои се поврзани со одредено физичко/правно лице кое има одредени карактеристики или имот кој е поврзан со одредено физичко/правно лице кое има одредени карактеристики, а кои карактеристики се определени со самиот законик. Понатаму, можеме да заклучиме дека кривичното дело од омраза може да биде извршено во целост или делумно поради реална или претпоставена (замислена, вообразена) карактеристика. Тоа значи дека, кривичното дело и делумно да е сторено поради некоја заштитна карактеристика, ќе се смета за кривично дело од омраза. Понатаму, законот укажува дека таквата заштитна карактеристика може да биде реална (навистина да постои) или претпоставена (сторителот погрешно да сметал дека жртвата поседува одредени карактеристики поради кои го врши делото, а во реалноста да не ги поседува тие карактеристики). Тоа на некој начин значи дека и заблудата во врска со заштитните карактеристики ќе се казнува. Инаку, како заштитни карактеристики, законот ги наведува следните: *раса, боја на кожа, националност, етничко потекло, религија или уверување, ментална или телесна попреченост, пол, родов идентитет, сексуална ориентација и политичко уверување.*

## 2. Состојбата со криминалот од омраза во Република Северна Македонија во 2022 година

Хелсиншкиот комитет за човекови права (МХК) секоја година изготвува Извештај во врска со состојбата на криминалот од омраза во Република Северна Македонија и таквите извештаи се финансиски поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Во прилог, ќе го разгледаме извештајот за последната година, односно за 2022 година.

Во 2022 година во Република Северна Македонија се регистрирани **вкупно 160 инциденти на злосторства од омраза**.[7] Тоа значи дека бројот на регистрирани инциденти и потенцијални злосторства од омраза во 2022 година е зголемен за 34% споредено со 2020 година и 49% споредено со 2021 година.[8]

Овој индикатор укажува на тоа дека секоја година бројот на пријавени случаи на криминал од омраза се зголемува. Ова можеби на прв поглед изгледа како негативна појава, меѓутоа ако го земеме фактот дека темната бројка е доста висока и дека и во претходните години имало доста голем број на криминал од омраза кој не бил пријавен,

[6] Кривичен Законик, Чл. 122 ст.4 (измени и дополнување на КЗ во 2018 година, службен весник 248/2018, а на сила влезе на 08.01.2019 година)
[7] ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА во 2022 година – ОБСЕ, Скопје, 2022, стр.8
[8] Ibid

ова можеби е и позитивна појава бидејќи можеби расте свеста кај граѓаните во врска со постоењето на ваков криминалитет од ваква природа, па поради тоа и тој сега почесто се пријавува во однос на претходно.

Од вкупно 160 пријавени случаи во 2022 година, **дури 134 се поради етничката припадност на жртвите.** Што се однесува до другите заштитни карактеристики, во 7 злосторства од омраза целта се мигранти или бегалци како резултат на нивниот статус, понатаму во 6 инциденти мотивот претставува политичкото уверување и политичката определеност, 2 инциденти се случиле како резултат на религиозни уверувања, 2 инциденти се мотивирани од сексуална ориентација и 9 инциденти се случиле врз основа на некои други заштитени карактеристики.[9]

Од ова можеме да заклучиме дека, **инцидентите врз основа на етничка припадност се убедливо најзастапени**, со дури 83,75%[10] од вкупниот број регистрирани инциденти. Причината за тоа сметам дека е присуството на многу етнички групи во нашето општество, па многу е почеста интеракцијата помеѓу граѓаните кои припаѓаат на различни етнички групи во однос на интеракцијата помеѓу граѓаните кои припаѓаат на некои други социјални групи, а кои не се однесуваат на етничкото потекло, па оттука логично би било дека етничката припадност ќе биде најзастапена карактеристика која е мета на криминал од омраза.

Во однос на жртвите и сторителите на криминал од омраза, **тоа најчесто се млади лица** и припадници на различни етнички заедници, членови на навивачки клубови на спортски тимови или поддржувачи на политички партии.[11] Тоа значи дека младите лица се сè уште најчесто вклучени во пристрасно мотивирани инциденти, и како сторители и како жртви, што претставува дури 46% од вкупниот број регистрирани инциденти.[12]

Сметам дека младите се најмногу инволвирани во криминал од омраза, бидејќи како прво, тие имаат повеќе слободно време, повеќе се вклучени во најразлични активности, поминуваат повеќе време на социјалните мрежи, како и фактот дека полесно можат да потпаднат под различни влијанија поради нивната недоволна зрелост, со оглед на фактот дека сè уште се малолетници.

Понатаму, Извештајот освен што покажува дека жртвите и сторителите вообичаено се припадници на различни етнички заедници, покажува и дека пријавените инциденти се поврзани со одредени кривични дела од Кривичниот законик и тоа:

- насилство (116),
- телесна и тешка телесна повреда (20),
- оштетување имот (14),
- разбојничка кражба (5),
- предизвикување национална, расна, верска омраза, раздор и нетрпеливост (6),
- сериозна закана (2),

[9] Ibid
[10] ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА во 2022 година – ОБСЕ, Скопје, 2022, стр.9
[11] Ibid
[12] Ibid

- загрозување на сигурноста (2) и
- предизвикување општа опасност (2).[13]

Ова значи дека **насилниот криминал е најзастапена форма на криминал кога станува збор за криминалот од омраза**. Исто така, важно е да се укаже на тоа дека многу често еден инцидент ги исполнува критериумите за две или повеќе кривични дела (пример: насилство и кражба), па одовде бројот на кривични дела понекогаш е поголем од бројот на инциденти во податоците.[14]

Поголемиот број инциденти – **дури 118 се случиле во Скопје** и околните општини. Понатаму, во Тетово се случиле 10 инциденти, 6 во Битола, по 5 во Гостивар и Охрид, во Куманово 4, по 3 во Гевгелија и Прилеп, 2 во Радовиш и по 1 инцидент во Кочани, Струга, Штип и Струмица.[15] Ова значи дека Скопје е градот каде имаме убедливо највисока бројка на криминал од омраза во однос на другите градови од државата, а причината за тоа е логична, бидејќи градот Скопје е најголем град со најголем број жител, па според тоа и криминалот од омраза ќе биде во поголем во оние градови кои бројат повеќе жители во однос на оние кои бројат помалку жители.

Ова беше една кратка анализа во врска со состојбата на криминалот од омраза во Република Северна Македонија за последната година, односно за 2022 година и во кратки црти можеме да заклучиме дека:

- имаме пораст на криминалот од омраза од година во година;
- најчесто криминалот од омраза се врши по основ на етничка припадност;
- и како сторители и како жртви најчесто се јавуваат млади (малолетни) лица;
- насилството е најчеста форма на криминал од омраза и
- во Град Скопје имаме најмногу пријавени случаи на криминал од омраза.

## 3. Некои инциденти поврзани со криминалот од омраза во Република Северна Македонија

На официјалната страна „Злосторства од омраза“[16], каде се достапни и Извештаите во врска со криминалот од омраза, достапни се и инцидентите кои се пријавуваат секојдневно, а кои се сторени поради мотив на предрасуда. Така, во прилог ќе разгледаме по еден инцидент од скоро од секоја заштитна карактеристика и ќе дадеме коментар во врска со нив.

- *Инцидент бр.1*

Еден од поскорашните и попознатите инциденти е оној по завршувањето на фудбалскиот натпревар меѓу Левски од Бугарија и Шкупи од Скопје. Имено, на натпреварот меѓу Левски и Шкупи, на 27 јули 2022 година, неколку жители од населбата Чаир нападнале автомобили со бугарски регистарски таблички, а едно лице било тешко повредено. Нападот бил снимен од случајни минувачи. Според Обвинителството, бугарски навивачи со две возила се движеле во близина на трговскиот центар „Чаирчанка“, каде што прво влегле во вербална расправија со случајни минувачи и

[13] ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА во 2022 година – ОБСЕ, Скопје, 2022, стр.11
[14] Ibid
[15] Ibid
[16] https://zlostorstvaodomraza.com/

граѓани, која преминала и во физичка пресметка. Потоа бугарските навивачи ги запреле возилата и излегле од нив, по што вербалната расправија преминала во тепачка со група граѓани кои излегле од околните објекти. При враќање во автомобилот, 29 годишен бугарски државјанин бил прободен со остар предмет во стомакот.[17]

Можеме да заклучиме дека во овој инцидент **пристрасниот мотив е етничкото потекло и националноста**, со оглед на тоа дека инцидентот е случен меѓу државјани на Бугарија и на Северна Македонија. Понатаму, противправното дејствие прво се состои во напад на автомобилите кои имаат бугарски регистарски таблички, што значи дека прво имаме напад на имот, а потоа како резултат на вербалната расправија, тоа преминало и во физичко насилство помеѓу бугарски и македонски државјани, што резултирало со тешка телесна повреда на 29 годишен бугарски државјанин како резултат на тоа што бил прободен со остар предмет во стомакот. Инцидентот е сторен непосредно по завршување на спортски натпревар и со оглед на тоа дека еден од повредените е 29 години, најверојатно и другите лица инволвирани во инцидентот се приближно на таа возраст, така што спаѓаат во категоријата на млади лица. Инцидентот е сторен во Скопје.

- *Инцидент бр.2*

Во Општина Аеродром на 24 јули 2023 година, било вандализирано возилото на Марија Митева, портпаролка на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. Сторителите го скршиле задното стакло на автомобилот додека бил паркиран на улица пред станбената зграда каде што таа живее.[18]

Можеме да заклучиме дека овој инцидент **пристрасниот мотив е политичката припадност**, а последицата е уништување на автомобил. Тоа значи дека овде насилството се состои во напад на имот кој е непосредно поврзан со лице кое има одредена политичка припадност, односно тоа е автомобил кој е во сопственост на портпаролката на ВМРО ДМПНЕ како политичка партија, и најверојатно инцидентот е сторен токму поради таа околност и поради таа причина ова дело е пријавено и како криминал од омраза. Најверојатно делото е сторено од лица кои припаѓаат на некоја опозициска политичка партија. И овде делото е извршено во Скопје.

- *Инцидент бр.3*

На 12.12.2020 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше случај пријавен од родител на дете со аутизам. Имено, целото семејство трпи вознемирување и закани од страна на двајца соседи во станбената зграда во која живеат. Соседите, во неколку наврати со клоци и тупаници, удирале на вратата од станот на семејството, извикувајќи дека ќе ги убијат нив и нивното деветгодишно дете

[17] Извор: https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%b8%d0%bd%d1%86%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b2%d0%b0%d1%80/

[18] Извор: https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%be%d1%88%d1%82%d0%b5%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b2%d0%be%d0%b7%d0%b8%d0%bb%d0%be-2/

со аутизам, поради тоа што им сметала вревата наводно предизвикана од детето кое тие постојано го нарекувале „ментално".[19]

Во овој инцидент, пристрасниот мотив е **попреченост на детето** поради тоа што вознемирувањето и заканите се случуваат заради оваа основа. Противправното дејствие се состои во психичко насилство со оглед на тоа дека семејството трпи вознемирување и закани од страна на сторителите. За овој инцидент можеме да кажеме дека претставува чист пример за криминал од омраза, бидејќи сторителите овде јасно и изречно ја искажуваат причината за нивното противправно однесување, а тоа е детето кое има аутизам и кое поради тоа го нарекувале и „ментално".

- *Инцидент бр.4*

На 8 август 2022 година во центарот на Струмица, ЛГБТИ+ активист бил физички нападнат, каде тој бил со волонтер(к)и на јавен настан за промоција на нивната организација. Едно возрасно машко лице почнало директно да му се заканува и да му дофрлува навредливи зборови, по што се упатило и му нанело телесни повреди, а групата на волонтер(к)и од страв избегала од местото на нападот.[20]

Во овој инцидент, **пристрасниот мотив е сексуалната ориентација на жртвата.** Противправното дејствие се состои во психичко насилство врз основа на заканите и навредливите зборови кои се дофрлени кон жртвата од страна на сторителот, како и физичко насилство врз основа на телесните повреди кои се нанесени на жртвата. Овде, исто така, можеме да кажеме дека како жртви се јавуваат и останатите волонтер(к)и, кои исто така претрпеле психичко насилство и како последица на тоа од страв побегнале од местото на настанот. Дејствието се случило во Град Струмица.

- *Инцидент бр.5*

На 11.04.2020 во 17.30 часот во СВР Скопје, Б.Т.(52) од с. Црешево, Скопско, пријавил дека во периодот од 16.00 до 16.45 часот во црква во изградба во с. Смилковци, Скопско, непознати лица со употреба на сила влегле и одзеле пари.[21]

Во овој инцидент **пристрасниот мотив е верското уверување.** Противправното дејствие се состои во напад на објект кој е поврзан со верско уверување како заштитна карактеристика, односно нападната е црква. Меѓутоа, сметам дека ова не претставува

---

[19] Извор: https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%b2%d0%be%d0%b7%d0%bd%d0%b5%d0%bc%d0%b8%d1%80%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b8-%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%b7%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8-%d0%b8%d0%bd%d1%82%d0%b5%d0%bb%d0%b5/

[20] Извор: https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d1%84%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%b8-%d0%bd%d0%b0%d0%bf%d0%b0%d0%b4%d0%bd%d0%b0%d1%82-%d0%bb%d0%b3%d0%b1%d1%82%d0%b8-%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b8%d1%81%d1%82-%d0%b2%d0%be-%d1%81%d1%82/

[21] Извор: https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%b5%d0%bd%d0%b0-%d1%86%d1%80%d0%ba%d0%b2%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d1%81-%d1%81%d0%bc%d0%b8%d0%bb%d0%ba%d0%be%d0%b2%d1%86%d0%b8/

чист пример на криминал од омраза, бидејќи не знаеме дали црквата е ограбена поради тоа што таа е поврзана со верска припадност, бидејќи постои можност мотивот и целта сторителите да е само вршењето на кражба и присвојување на пари и воопшто да не го бираат местото од каде ќе ги украдат тие пари, како и воопшто да немаат никакви предрасуди спрема припадниците на таквата религија.

- *Инцидент бр.6*

На 15.05.2022 во 22.15 часот во близина на железничкиот мост во Гевгелија било пронајдено починато машко лице со убодна рана од остар предмет на телото. Настанот бил пријавен во Полициската станица „Гевгелија“. Од извршениот преглед кај лицето биле пронајдени лични документи од кои било утврдено дека се работи за 24 годишен мигрант од Авганистан. Увид на местото бил извршен од Јавен обвинител од Основно Јавно обвинителство Гевгелија и екипа на ОВР Гевгелија.[22]

Во овој инцидент, **пристрасниот мотив е мигрантскиот статус.** Противправното дејствие се состои од физичко насилство со остар предмет поради што е нанесена убодна рана и за последица имало смрт. Дејствието е сторено во Гевгелија, во близина на железничкиот мост, каде инаку често се движат мигранти.

## Заклучок

Од излагањето во овој труд, можеме да заклучиме дека кривичните дела од омраза се всушност кривичните дела содржани во посебниот дел од КЗ, кои во стварноста се извршени поради мотив кои се заснова на предрасуда, омраза спрема жртвата како припадник на одредена група и кога ќе биде потврден фактот дека станува збор за такво кривично дело извршено од таков мотив, судот потпирајќи се на членот 39 од КЗ, ќе изрече повисока казна во однос на казната која би била изречена доколку делото е сторено без таков мотив. Меѓутоа, мора да се согласиме дека концептот на криминалот од омразата создава тешкотии во пракса во делот на утврдувањето и докажувањето на субјективната страна на делото на омраза. Поради тоа, во претходната фаза на откривање и препознавање на таквото дело е клучно прашањето: *дали делото е извршено поради припадноста на жртвата кон група која се карактеризира со особености одредени во законот?* Со други зборови, треба да се утврди дали постои причинско-последична врска меѓу таквите особености и дејствието на сторителот. Во таа насока, активноста на полицијата и на јавното обвинителство треба да биде насочена кон пронаоѓање на докази дека постои таква врска меѓу особеностите на групата на која и припаѓа жртвата и стореното дело, секогаш кога ќе се појават индиции за нејзиното постоење.

[22] Извор: https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%bf%d0%be%d1%87%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%82-24-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%bd-%d0%bc%d0%b8%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bd%d1%82-%d0%be%d0%b4-%d0%b0%d0%b2%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0/

**Користена литература**

Кривичен законик на РМ, Чл.39, ст.5 (Службен весник на Република Македонија број 37/96);

Камбовски, В.,Лазарова Трајковска, М. (2012) ПРАВНА АНАЛИЗА НА КОНЦЕПТОТ НА КАЗНЕНОТО ДЕЛО НА ОМРАЗА И ГОВОРОТ НА ОМРАЗА, Септември 2012, Скопје;

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА КРИМИНАЛОТ ОД ОМРАЗА во 2022 година – ОБСЕ, Скопје, 2022

Устав на Република Македонија;

https://zlostorstvaodomraza.com/

https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%b8%d0%bd%d1%86%d0%b8%d0%b4%d0%b5%d0%bd%d1%82-%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%82%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b2%d0%b0%d1%80/

https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%be%d1%88%d1%82%d0%b5%d1%82%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b2%d0%be%d0%b7%d0%b8%d0%bb%d0%be-2/

https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%b2%d0%be%d0%b7%d0%bd%d0%b5%d0%bc%d0%b8%d1%80%d1%83%d0%b2%d0%b0%d1%9a%d0%b5-%d0%b8-%d0%b7%d0%b0%d0%ba%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%b7%d0%b0%d1%80%d0%b0%d0%b4%d0%b8-%d0%b8%d0%bd%d1%82%d0%b5%d0%bb%d0%b5/

-https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d1%84%d0%b8%d0%b7%d0%b8%d1%87%d0%ba%d0%b8-%d0%bd%d0%b0%d0%bf%d0%b0%d0%b4%d0%bd%d0%b0%d1%82-%d0%bb%d0%b3%d0%b1%d1%82%d0%b8-%d0%b0%d0%ba%d1%82%d0%b8%d0%b2%d0%b8%d1%81%d1%82-%d0%b2%d0%be-%d1%81%d1%82/

https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%be%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%b1%d0%b5%d0%bd%d0%b0-%d1%86%d1%80%d0%ba%d0%b2%d0%b0-%d0%b2%d0%be-%d1%81-%d1%81%d0%bc%d0%b8%d0%bb%d0%ba%d0%be%d0%b2%d1%86%d0%b8/

https://zlostorstvaodomraza.com/incident-mk/%d0%bf%d0%be%d1%87%d0%b8%d0%bd%d0%b0%d1%82-24-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%b5%d0%bd-%d0%bc%d0%b8%d0%b3%d1%80%d0%b0%d0%bd%d1%82-%d0%be%d0%b4-%d0%b0%d0%b2%d0%b3%d0%b0%d0%bd%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b0/